Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-408/4
__________ година

22-07-2024

Постапувајќи по претставка бр. 08-408/1 од 15.5.2024 година поднесена од во свое име и во име на своите 2 малолетни синови и , против Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност, за извршена дискриминација во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на правосудство и управа сторена од страна на Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност врз и неговите 2 малолетни синови и

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-408/1 од 15.5.2024 година, поднесена од страна на лично во негово име и во име на неговите 2 малолетни синови за сторена дискриминација во областа на правосудство и управа, од страна на Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност.

Согласно наводите од претставката, подносителот на ден 2.3.2024 година при пристапувањето кон граничниот премин Меџитлија заедно со неговото семејство, нему и на неговите 2 малолетни сина не им дозволен излез од Република Северна Македонија, поради фактот што нивните пасоши не биле со назив Република Северна Македонија, туку со старото уставно име – Република Македонија. Оттука, подносителот на претставката наведува дека нивните патни исправи биле со валиден датум на важност, истакнувајќи дека пасошите на неговите синови биле издадени на 25.5.2020 година, датум на кој Република Северна Македонија била должна да издава патни исправи со новото уставно име согласно одредбите од склучениот Преспански договор.

Во продоложение на претставката подносителот наведува дека излез од државата ѝ бил дозволен само на неговата сопруга која поседува пасош со новото уставно име, меѓутоа заради настанатата ситуација семејството во целост решило да не го продолжи патувањето. Оттука, на крајот на претставката е наведено дека семејството на подносителот било ставено во дискриминирана положба поради фактот што на едниот родител му било дозволено излез, додека на подносителот и неговите деца не им бил дозволен излез од државата. Во врска со ова, подносителот наведува и дека поднел писмено барање до Министерството за внатрешни работи барајќи образложение за повредата на неговото право на еднаквост и слобода на движење.

Во прилог на претставката беше доставен и одговорот на предметното барање од МВР – Биро за јавна безбедност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 3.6.2024 година испрати Известување бр. 08-408/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност.

На ден 28.6.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност како одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-408/3.

Од страна на Министерството наведуваат по однос на наводите од претставката за заштита од дискриминација, Бирото за јавна безбедност изготвило акт по барање на подносителот на претставката, кој е доставен во прилог на произнесувањето. Оттука, во предметниот акт – одговор, од страна на БЈБ одговараат на барањето за појаснување на недозволен излез од Република Северна Македонија за подносителот и неговите две малолетни деца, известувајќи го подносителот дека согласно измените и дополнувањата на Законот за патни исправи (Сл. Весник на РСМ бр.122/21), член 3 од наведениот закон гласи:

*„Патните исправи кои го содржат натписот „Република Македонија" издадени до денот на започнување на примената на овој Закон ќе важат до истекот на рокот на важење кој е наведен во патната исправа, најдоцна до 12. Февруари 2024 година".*

Согласно претходно наведеното, од страна на МВР – Биро за јавна безбедност образложуваат дека полициските службеници постапиле во согласност со Законот.

Земајќи ги предвид наводите во претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност врз и неговите две малолетни деца, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација врз дискриминаторска основа, имајќи го во предвид фактот дека полициските службеници кои им го попречиле излезот од државата на подносителот и неговите синови постапиле согласно важечките законски одредби од Законот за патни исправи, при што подносителот не бил ставен во понеповолна положба врз некоја од дискриминаторските основи наведени во член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација во областа на правосудство и управа од страна на Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност врз и неговите две малолетни деца.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
22.7.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- 
- Министерство за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност, ул. „Димче Мирчев" бр. 9, 1000 Скопје